**20251923938**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПРАВАТА НА НОСИТЕЛИТЕ НА „ПАРТИЗАНСКА СПОМЕНИЦА 1941“, НА ЛИЦАТА ОДЛИКУВАНИ СО ОРДЕН НА НАРОДЕН ХЕРОЈ И НА БОРЦИТЕ ОД ШПАНСКАТА НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНА И РЕВОЛУЦИОНЕРНА ВОЈНА ОД 1936 ДО 1939 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување на Закон за правата на носителите на „Партизанска споменица 1941“, на лицата одликувани со орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4855/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПРАВАТА НА НОСИТЕЛИТЕ НА „ПАРТИЗАНСКА СПОМЕНИЦА 1941“, НА ЛИЦАТА ОДЛИКУВАНИ СО ОРДЕН НА НАРОДЕН ХЕРОЈ И НА БОРЦИТЕ ОД ШПАНСКАТА НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНА И РЕВОЛУЦИОНЕРНА ВОЈНА ОД 1936 ДО 1939 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за правата на носителите на „Партизанска споменица 1941“, на лицата одликувани со Орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен весник на Република Македонија“ број 75/1993), во членот 3 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 4 во ставот 4 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Во ставот 6 зборовите: „Службен весник на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 3

Во член 6 во ставот 1 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади".

Во ставовите 3 и 4 зборовите: „министерот за труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „министерот за социјална политика, демографија и млади".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".